РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr. 09-160/3
18-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 43-тата седница, одржано на ден 11 декември 2020 година, донесе

**Одлука**

Се запира постапувањето по предметот со број 09-2709/1 од 15.05.2019 година, бидејќи согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата, не може да изрече иницијатива за утврдување на одговорност за лицето ------------, кој како ВД директор на Здравствен дом ---------------, наоѓајќи се во состојба на судир на интереси го вработил својот вујко----------------- во истата институција, поради промена на фактичка состојба, наведеното -----------------, не ја извршува повеќе функцијата ВД директор на Здравствен дом --------------------.

Предметот со број 09-2709/1 од 15.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2709/1 од 15.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи дека директор на ЈЗУ Здравствен дом --------------, --------------, го вработил својот вујко, лицето ----------------- како шеф на возачите на брза помош во истата институција.

Државната комисија се обрати до ЈЗУ Здравствен дом ---------------, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба по конкретниот предмет. Беа побарани следниве информаци: Дали за шеф на возачи на Брза Помош е назначено лицето ---------------, дали истото лице е во роднинска врска со ВД медицински директор на ЈЗУ „Здравствен дом --------------", Злате Мехмедовиќ и доколку е назначено наведеното лице да се достави целокупната постапка за споменатото назначување.

Од увидот во документацијата, Државната комисија ги утврди следниве состојби:

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

состојба:

Лицето ---------------- е во роднинска врска( вујко) со тогашниот ВД директор на Здравствен дом ------------.

Лицето ------------, претходно бил вработен во ЈЗУ Здравствен дом -------------- на работно место возач.

По спроведена постапка за трајно превземање во ЈЗУ Здравствен дом на --------------, превземено е лицето ----------- од ЈЗУ Здравствен дом ------------------.

За да се спроведе споменатата постапка, потпишана е наведената Спогодба за вработување без Јавен оглас преку трајно превземање, пред да бидат обезбедени согласност за трајно преземање од Министерството за информатичко општество и администрација и согласност од органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот, со тоа што во самата спогодба е наведено дека истата ќе влезе во сила по потпишување од страна на сите учесници во спогодбата и добивање на истите согласности.

Согласност за трајно преземање од Министерството за информатичко општество и администрација е издадено на ---------- година со бр. --------------, како и добиена е согласност од Министерството за финанси со бр.------------ од ------------- година.

Лицето ---------------- е вработен во ЈЗУ Здравствен дом на -------------- сметано од --------------- година на работно место – возач во брза помош, назив на работно место превоз на лица и опрема I ниво. Решение за стекнување на статус на помошно техничко лице и распоредување на работно место со бр.------------- од ------------година го донел тогашниот ВД директорот -------------. Наведенот лице не се изземало од постапка за трајно превземање од ЈЗУ Здравствен дом -------------- во ЈЗУ Здравствен дом на -------------- за лицето ------------, односно потпишало Спогодба за вработување без Јавен оглас преку трајно превземање бр. 04------------ (Архивски број на ЈЗУ Здравствен дом на -------------) и Решение за стекнување на статус на помошно техничко лице и распоредување на работно место со бр.------------- од -------------- година, за наведеното лице, кое е негов вујко.

При вакаа фактичка состојба, Државната комисија констатираше дека лицето ---------------- постапил спротивно на членот 12 од Законот за спречување на судир на интереси, кој повеќе не е во сила, но одредбите кои се однесуваат на изземањето се преточени во членот 75 став 1 од новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интересите, со тоа што не се изземал од учество во постапката за превземање на неговиот вујко -------------- и потпишал спогодба за превземање за наведеното лице од ЈЗУ Здравствен дом ---------. Понатаму тогашниот ВД директор --------- потпишал и Решение за стекнување на статус на помошно техничко лице и распоредување на работно место со ---------------година за истото лице.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Поради промена на фактичка состојба, бидејќи лицето-----------, не ја извршува повеќе функцијата ВД директор на Здравствен дом -----------, Државната комисија не може да изрече иницијатива за утврдување на одговорност за истото лице согласно член 17 став 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: С.П.Д, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска